**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**2326.**

Врз основа на член 133 став 4 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр.14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНА ЈАЧИНА НА БУЧАВА ОДНОСНО МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕНО КОЛИЧЕСТВО ЕМИСИЈА НА ГАСОВИ КОИ СЕ СОЗДАВААТ ПРИ ПОЛЕТУВАЊЕ, ВО ТЕКОТ НА ЛЕТОТ И ПРИ СЛЕТУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат максимално дозволената јачина на бучава односно максимално дозволено количество емисија на гасови кои се создаваат при полетување, во текот на летот и при слетување на воздухоплови.

Член 2

Максимално дозволената јачина на бучава која се создава при полетување, во текот на летот и при слетување на воздухоплови се утврдени со меѓународните стандарди на Меѓународната Организација за цивилно воздухопловство (ICAO) содржани во Анекс 16 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашката конвенција) и со ЕУ Регулативата 216/2008 која е преземена согласно Анекс 1 од Мултинационалната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (“Службен весник на Република Македонија” број 27/07) и стандардот JAR -36 на JAA односно CS – 36 на EASA за бучава од воздухоплови согласно Правилникот за техничките услови за пловидбеност на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов.

Член 3

Максимално дозволеното количество на емисија на гасови кои се создаваат при полетување, во текот на летот и при слетување на воздухоплови се утврдени со меѓународните стандарди на Меѓународната Организација за цивилно воздухопловство (ICAO) содржани во Анекс 16 од Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашката конвенција) и со ЕУ Регулативата 216/2008 која е преземена согласно Анекс 1 од Мултинационалната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област (“Службен весник на Република Македонија” број 27/07) и стандардот JAR – 34 на JAA односно CS – 34 на EASA за емисии на воздухопловни мотори и испуштање на сирово гориво согласно Правилникот за техничките услови за пловидбеност на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 07-6801/8 | Министер за животна средина |
| 1 септември 2010 година | и просторно планирање, |
| Скопје | д-р **Неџати Јакупи**, с.р. |